...НА ВРЕДНОСТ

# ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН
Бр. 01-19/18
27.10. 2017 год.

FON
FIRST PRIVATE
UNIVERSITY

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**Прв приватен универзитет – ФОН Скопје**

**БРОЈ 196**

**Скопје, 27.10.2017**

# С О Д Р Ж И Н А:

1. Рецензија за избор на еден наставник од научните области математика и применета математика....3089
2. Рецензија за избор на еден наставник од областа архитектонско проектирање и дизајн....3094

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ МАТЕМАТИКА И ПРИМЕНЕТА МАТЕМАТИКА НА ПРВИОТ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ ФОН

Врз основа на конкурсот на Првиот приватен универзитет ФОН, објавен во весникот „Нова Македонија“ од 7.7.2017 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини) математика и применета математика, и врз основа на Одлуката бр. 19-1245/3 на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика, донесена на 13.9.2017 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Смиле Марковски, редовен професор (во пензија), д-р Дончо Димовски, академик и редовен професор на ПМФ-Скопје и д-р Билјана Јанева, редовен професор (во пензија).

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области (дисциплини) математика и применета математика, во предвидениот рок се пријави еден кандидат, д-р Лидија Горачинова-Илиева, вонреден професор на Факултетот за информатика при ФОН Универзитет.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Лидија Горачинова-Илиева е родена на 2.2.1971 година во Штип, каде што завршила средно образование. Со високо образование се стекнала на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на студиската програма применета информатика. Дипломирала во 1994 година со просечен успех 9,31 и се стекнала со звање дипломиран инженер по математика-информатика. Со одбраната на магистерскиот труд „Слободни групоиди“, во 2001 година ги завршила постдипломските студии на Институтот за математика при ПМФ-Скопје со среден успех 10 и се стекнала со звањето магистер на математички науки. На истиот факултет, во 2007 година, со одбраната на докторската дисертација под наслов „(k,n)-Алгебри, квазигрупи и дизајни“, добила научен степен доктор на математички науки.

Лидија Горачинова–Илиева ја започнува универзитетската кариера во 1997 година како помлад асистент на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје. Во 2007 година е избрана за доцент на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а од 2011 година работи на Факултетот за информатика при ФОН Универзитет-Скопје. Во 2012 година е избрана за вонреден професор во областа на математичко-информатичките науки.

Горачинова-Илиева има објавено 30 труда, од кои најголемиот дел се во меѓународни научни публикации, има остварено над дваесет учества на меѓународни научни конференции и студиски прстој во странство. Покрај во извршувањето на редовните наставно-научни обврски, таа учествува во оспособувањето на млад научен кадар (менторства на магистерски трудови, член на комисии за оценка и одбрана на магистерски и докторски трудови), наставни и научни проекти, рецензирање на научни трудови, изработка на студиски програми и членува и раководи со повеќе универзитетски комисии, организациони одбори на конференции и друго. Во моментов ја извршува функцијата Проректор на ФОН Универзитетот.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на ФОН Универзитетот, кандидатот д-р Лидија Горачинова–Илиева изведува настава на прв циклус на студии по предметите Алгебарски структури, Дискретни структури, Калкулус 1 и 2 и Нумеричка анализа на Факултетот за информатика, како и Математика за бизнис и Статистика за бизнис на Факултетот за економски науки. Покрај ова, во периодот од последниот избор, во две академски години била ангажирана и како визитинг-професор по Математика 1 и 2 на Воената академија „Генерал Михајло Апостолски“ во Скопје.

На втор циклус на студии, Горачинова-Илиева ја реализира наставата по Теорија на информации и Моделирање и симулации на студиските програми Компјутерско инженерство и Софтверско инженерство, како и наставата по Методика на студиската програма Информатичко образование.

Во просек по семестар, Лидија Горачинова–Илиева е ангажирана за реализација на предавањата, а делумно и на вежбите, од три предмети на прв циклус и еден предмет на втор циклус на студии, со неделен фонд од 12 часа.

Кандидатката учествувала како член во Комисија за оцена и одбрана на повеќе дипломски, специјалистички и магистерски трудови, и била ментор на неколку дипломски работи, на три специјалистички трудови, како и на еден магистерски труд.

Горачинова-Илиева има подготвено скрипта за интерна употреба по предметот Теорија на информации и е коавтор на рецензирана скрипта - учебник под наслов Математика 1 за студентите на техничките факултети.

**Научноистражувачка дејност**

Во периодот од последниот избор до поднесување на пријавата, д-р Лидија Горачинова–Илиева има објавено вкупно седум научни трудови во меѓународни научни списанија, како и еден во зборник на трудови од меѓународна конференција:

1. B. Demir, Z. Gacovski, V. Pivovarov, L. Goracinova: *System for Detection of Network Threats based on Classifiers*, TEM Journal, Vol. 3, $N_0$ 2 (2014), 120-126.
2. K. Jakimoski, S. Chungurski, S. Arsenovski, L. Gorachinova, O. Iliev, L. Djinevski and E. Kamcheva: *Performance Analysis of Linux-Based TCP Congestion Control Algorithms in VANET Environment*, International Journal of Future Generation Communication and Networking, , Vol. 9, $N_0$ 4 (2016), 17-26.
3. E. Spasova Kamčeva, L. Goračinova-Ilieva: *Addaptive model for discrete math of the e-learning system*, VISIONS, $N_0$ 25 (2016), 405-411.
4. K. Jakimoski, S. Arsenovski, L. Gorachinova, S. Chungurski, O. Iliev, L. Djinevski and E. Kamcheva: *Measurements of Available Bandwith in Computer Networks*, International Journal of Grid and Distributed Computing, Vol. 9, $N_0$ 4 (2016), 201-210.
5. E. Spasova Kamčeva, L. Goračinova-Ilieva: *One application of mathematical modelling on adaptive e-learning system*, KNOWLEDGE International Journal Scientific Papers, Vol. 12.2 (2016), 291-296.
6. K. Jakimoski, S. Arsenovski, L. Gorachinova, S. Chungurski, O. Iliev, L. Djinevski and E. Kamcheva: *Evaluation on Caching Techniques for Video Demand in Named Data Networks,* Proc. Of The 39$^{th}$ International ICT Convention – MIPRO 2016 (2016), 3988-392.
7. L. Goračinova-Ilieva, E. Spasova Kamčeva: *Algebraic representation of a class of homogenous Steiner quadruple systems*, BULLETIN MMATHEMATIQUE, Vol. 40(LXVI), $N_0$ 3 (2016), 51-59.
8. L. Goračinova-Ilieva, S. Markovski: *Construction of Mendelsohn designs by using quasigroups of (2,q)-varieties*, Commentationes Mathematicae Universitatis Carolinae, Vol. 57, $N_0$ 4 (2016), 501-514.

Во последните пет години, д-р Лидија Горачинова–Илиева има учествувано на следните меѓународни научни конференции:

- *AAA84 Workshop on General Algebra* (Drezden, Germanija, 2012);
- *Fourth Conference for Information and Communication Technologies, ICT Innovations 2012 "Secure and Intelligent Systens"* (Охрид, Македонија, 2012);
- *12$^{th}$ Biennial ISQA Conference Quantum Structures* (Оломоуц, Чешка, 2014);
- *LOOPS'15 The International Mathematical Conference on Quasigroups and Loops* (Охрид, Македонија, 2015);

- *VI Congress of Mathematicians of Macedonia* (Охрид, Македонија, 2016).

Д-р Лидија Горачинова–Илиева е учесник во меѓународниот научен проект „Примена на фази логики во персонализирани адаптивни системи за е-учење“.

Таа била ментор и на еден магистерски труд.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Лидија Горачинова–Илиева активно е вклучена во стручно-апликативната работа на ФОН Универзитетот. Таа учествува во работата и раководењето со повеќе универзитетски комисии: Комисија за изработка на студиски програми, Конкурсна комисија за упис, како и во комисиите за изработка на актите и во апликативните проекти на Универзитетот.

Покрај функцијата Проректор за настава што ја извршува веќе три години, таа била Координатор за настава, како и в.д. Декан и на Факултетите за дизајн и мултимедија и на Архитектонскиот факултет.

Кандидатот д-р Лидија Горачинова–Илиева остварила експертски активности во Министерството за образование и наука како контролор на прашања за екстерното тестирање по математика за 2017 година.

Горачинова–Илиева била член на организациониот одбор на меѓународната научна конференција ICT Innovations 2013.

Кандидатката била член на три рецензентски комисии за избор на лица во наставно-научно и научно звање.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатот д-р Лидија Горачинова-Илиева, во последните пет години, на спроведените анонимни семестрални анкети од страна на студентите на Факултетот за информатика, редовно добива високи оценки.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Лидија Горачинова-Илиева.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Лидија Горачинова-Илиева поседува научни и стручни квалитети и, според Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно - научни, наставно - стручни и соработнички звања на ФОН Универзитетот, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научните области математика и применета математика: има докторат од соодветната област, има објавени најмалку 6 научни труда во меѓународни научни списанија од областа, има учество во научен проект и позитивна оценка од самоевалуацијата.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при ФОН Универзитетот во Скопје, **д-р Лидија Горачинова-Илиева да биде избрана во звањето редовен професор во научните области математика и применета математика.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Смиле Марковски, с.р.**

   ________________________

2. **Проф. д-р Дончо Димовски, с.р.**

   ________________________

3. **Проф. д-р Билјана Јанева, с.р.**

   ________________________

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈН НА АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ, ВО СОСТАВ НА ПРВИОТ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ- ФОН СКОПЈЕ

Архитектонскиот факултет, при Првиот приватен универзитет- ФОН, на седницата на Наставниот научен совет одржан на 19.09.2017, во врска со конкурсот објавен во дневниот весник "Нова Македонија" од 07.07.2017 година, е, формира Рецензентска комисија за избор на **наставник од областа на Архитектонско проектирање и дизајн** во состав :

**- проф. д-р МиткоХаџиПуља – претседател**

**- вон.проф. д-р Михајло Зиноски – член**

**- доц. д-р Мимоза Клековска – член**

На распишаниот конкурс за избор на наставник од областа Архитектонско проектирање и дизајн, се пријавува еден кандидат м-р Арбреша Ибрахими.

По разгледувањето на поднесените документи на кандидатот, Рецензенската комисија констатира дека формално – правните услови за избор на наставник од областа Архитектонско проектирање и дизајн, согласно Законот за високо образование и објавениот конкурс, ги исполнува кандидатот : **м-р Арбреша Ибрахими**.

По разгледувањето на пријавата, архитектонските проекти и реализираните објекти, Рецензенската комисија на Архитектонскиот факултет го поднесува следниов :

**И З В Е Ш Т А Ј**

За кандидатот **м-р Арбреша Ибрахими**

**Биографски податоци и професионален развој**

М-р Арх. Арбреша Ибрахимие родена на 08.05.1990 година во Скопје.Основното образование го завршува во Основното училиште "Петре Јовановски" во Гостивар. Средното образование го завршува во Средно училиште "Гостивар" во Гостивар, насока Природни науки-математичко, со одличен успех. Во септември 2008 година се запишува на Државниот универзитетот во Тетово, при Факултетот за применети науки – архитектура, каде дипломира во Јуни 2012 година и се стекнува со стручен назив **Baccalaureusнапроектирање**, со просек 8.21. Јавно го брани својот труд под наслов **"Современа уметничка галерија" – Скопје ,** под менторство но проф. д-р Кујтим Елези.
Во септември 2012 година започнува со студии во Скопје на Универзитет "Св. Кирил и Методиј" при факултетот за Архитектура. На 08 Октомври 2014 година го брани својот магистерски труд под наслов**"Архитектура во природата и природата во архитектурата – Културен едукативен парк " Аквадуктот, Скопје,** под менторство на проф. д-р МиткоХаџиПуљаи се здобива со научен степен **Магистер инженер архитект**, со просек 8.78.
Од Октомври 2017 е запишана на трет циклус на студии на Универзитет во Љубљана, Словенија, во насока архитектура.
Кандидатката е познавач на Албански јазик ( мајчин јазик), Македонскиот јази, Англискиот јазик, Турскиот и Германскиот јазик.

**Работно искуство**

-На 01 Ноември е 2015, е примена првично како стручен **соработник – архитект**, во Архитектонскиот факултет при ФОН Универзитетот ; ангажирана по предметите на Проектирање општествени објекти 1 , 2 , 3 , 4 , 5 и 6 , Историја на архитектура 1, 2, 3 и 4 , Внатрешно уредување- Ентериер 2 и Архитектонско студио – Внатрешно уредување 2. Во, Ноември 2016 се стекнува со назив на **помлад асистент** , по обласдта на проектирање и дизајн. Од овој период до денеска, активно и одговорно ги врши консулатциите за семестралните проектии до финалната

фаза , по предметите : Проектирање општествени објекти 1, 2, 3, 4, 5 и 6 и по предметите Историја на архитектура 1, 2, 3 и 4 .

-Од 08 Март 2017, е член на Универзитетското тело за уписната кампања. Организатор на различни активности од професионален аспект, со придонес за студентите и цел Архитектонски факултет при ФОН Универзитетот.

1. Јавнипредавања "Враќањевоемик-етиканаархитектурата" и првaизложбанаучениците од Архитектонскиотфакултет

   Универзитет ФОН, Скопје

   3 мај 2017 година

   Предавачи:

   - ГезаОгоновски, арх. - "Hotel Courtyard by Marriott Brussels EU District"
   - проф. МиткоХаџи-Пуља, арх. - "Учењеодархитектура-просторот каковредност" во цоработка со проф. д-р . МинасБаклачев и проф. ВиолетаБаклачева
   - проф. ГеоргиКонстантиновски - "Ремек делата на светскитепознатиархитектиЏонЏоанс и ЕроСариен"

2. Едукативнапосетанастудентите и академскиоткадарнаАрхитектонскиотфакултет (ФОН Универзитет), вофабриката КНАУФ воДебар

   Дебар, РепубликаМакедонија

   5 мај 2017 година

3. ГодишнастудентскаизложбанаФакултетотзадизајн и мултимедијавосоработка (гостин) соАрхитектонскиотфакултет (изложениnajдобритестудентскипроекти)

   Универзитет ФОН, Скопје

   9 мај 2017 - 16 мај 2017 година

   Младинскикултуренцентар, Скопје

4. Организаторнаархитектонскатаработилница "SKATEARCH YOUR SPACE" ворамкитенаЗимскаташкола

-Од Август 2017, е член во Здружение на архитекти во Македонија.

-Напредувањата во областа на наставно – образована дејнос ги докажува со успешно завршени меѓународни курсеви по областа на архитектурата :

1. "Архитектонскатаимагинација"

   Универзитет Харвард-Дипломиран школа за дизајн, Кембриџ (САД)

   Онлајн курс - курс EX

   Февруари 2017 - мај 2017 година

Дипломата примено на 17 септември 2017 година

2. "Задсценатанамузеитеод 21 век"

   УниверзитетотвоЛестер, Лестер, (ВеликаБританија)

   Онлајнкурс - FutureLearn

   18 јануари 2016 година - 22 февруари 2016 година

   Дипломата примено на 1 ноември 2016 година

**Апликативно- професионална дејност**

Од периодот Јануар до Јули 2015, МА. Арбреша Ибрахими се стекнува со искуство на архитект-проектант, во ЛД – Студио во Тетово, студио специјализирана за проектирае и внатрешно уредување. Во фирмата работела како стричен соработник во следните проекти :

1. В.И. АПАРТМАН

   Реализирано / 2015 / Тетово

   Инвеститор: Вјолца Идризи

   Раководител: БуримАбдиу, инж.

   Главенархитект: АфродитаЛуарасиАбдиу, арх.

   Архитект: м-р. АрбрешаИбрахими, арх.

2. ИНДИВИДУАЛНА КУЌА П + 2

   Не е реализирано / 2015 / Тетово

   Инвеститор: Беким А.

   Раководител: БуримАбдиу, инж.

   Главенархитект: АфродитаЛуарасиАбдиу, арх.

   Архитект: м-р. АрбрешаИбрахими, арх.

3. РЕЗИДЕНС С.

   Не е реализирано / 2015 / Тетово

   Инвеститор: Скендер А.

   Раководител: БуримАбдиу, инж.

   Главенархитект: АфродитаЛуарасиАбдиу, арх.

   Архитект: м-р. АрбрешаИбрахими, арх.

4. StrEATfood - брзахрана

   Реализирано / 2015 / Тетово

   Инвеститор: Агрон

   Раководител: БуримАбдиу, инж.

Главенархитект: АфродитаЛуарасиАбдиу, арх.

Архитект: м-р. АрбрешаИбрахими, арх.

5. АП. 82 - КАФЕ БАР / АП.82- КафеБар

    Реализирано / 2015 / Тетово

    Инвеститор: ВетонПалоши

    Раководител: БуримАбдиу, инж.

    Главенархитект: АфродитаЛуарасиАбдиу, арх.

    Архитект: м-р. АрбрешаИбрахими, арх.

6. ЛУСИДО - продавницазаобувки

    Не е реализирано / 2015 / Тетово

    Инвеститор: ЛУСИДО

    Раководител: БуримАбдиу, инж.

    Главенархитект: АфродитаЛуарасиАбдиу, арх.

    Архитект: м-р. АрбрешаИбрахими, арх.

Истотака, е учесник на јавни натпревари од архитектонски област, организирани од државн или меѓународн карактер. Учесник во BISTA 2014 со два проекти :

1. "Галеријанасовременауметност" - Скопје

    ДржавенуниверзитетвоТетово - Тетово

    Факултетзаприменетинауки

    БИСТА 2014

    8 мај 2014 година

    МултимедијаленцентарМаластаница, Скопје

2. Интегралностудио - "АРХИТЕКТУРА НА РАБОТ"

    Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Скопје

    Факултетзаархитектура

    БИСТА 2014

    8 мај 2014 година

    МултимедијаленцентарМаластаница, Скопје

И во меѓународен конкурс организирано од Archinect text, во Јуни 2016 , каде конкурира со тема *"МЕЃУ СЕ И НИШТО"*

**Учество во интернационални и национални конфернеции**

1. "ЧЕТВРТАТА АКАДЕМИЈА НА КНАУФ"

   ХотелТиранаИнтернационал, Тирана, Албанија

   13-14 октомври 2017 година

   Присуствувач

2. "SHARE –СКОПЈЕ 2017 - МЕЃУНАРОДНИ АРХИТЕКТУРА И ИНЖЕНЕРСКИ ФОРУМ"

   ХотелМариотот, Скопје. Македонија

   5 септември 2017

   Присуствувач

3. "ПРВА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА АРХИТЕКТИ ВО СКОПЈЕ"

   ХотелАлександарПалас, Скопје

   22 јуни 2017 година

   Присуствувач

4. " GO GREEN "

   Меѓународнатаконференција, климатскитепромени и дебататазазеленаекономија

   ХотелМариот, Скопје

   24 ноември 2016 година

   Присуствувач

5. "ТРИ МОИ БИСЕРИ" - проф. ГЕОРГИ КОНСТАНТИНОВСКИ, арх

   Македонскаакадемијананауките и уметностите - МАНУ, Скопје

   8 октомври 2016 година

6. " МА+П, ИЗБРАНИ ПРОЕКТИ ( НЕИДЕНТИТЕТОТ , ФИЛОЗОФИЈАТА И ИСКУСТВАТА ) " – ИЛИР МУРСЕЛИ , арх.

   ДржавниотУниверзитетвоТетово/Факултетотзаприменетинауки - Архитектура

   Циклус предавања за архитектурата - Зборувај! Не молчи.

   10 Мај 2016

   Присуствувач

7. " УЧИМЕ АРХИТЕКТУРА: КЛУЧНИТЕ ЗБОРОВИ " - МИНАС БАКАЛЧЕВ, арх. ,МИТКО ХАЏИ ПУЉА , арх.

   ДржавниотУниверзитетвоТетово/Факултетотзаприменетинауки - Архитектура

   Циклус предавања за архитектурата - Зборувај! Не молчи.

   26 Април 2016

   Присуствувач

8. “ ОД МОЕТО АРХИТЕКТОНСКО ИСКУСТВО – НАТПРЕВАРИ И ЈАВНИ УЧЕСТВУВАЊА “ – МАРТИН ГУЛЕСКИ , арх.

ДржавниотУниверзитетвоТетово/Факултетотзаприменетинауки - Архитектура

Циклус предавања за архитектурата - Зборувај! Не молчи.

19 Април2016

Присуствувач

9. “ СПОМЕНИЦИ – ПРЕДИЗВИКОТ НА КОНЦЕПТУАЛИЗМОТ И АРХИТЕКТОНСКОТО МАТЕРИАЛИЗАМ “ – БУЈАР ДЕМЈАХА , арх.

ДржавниотУниверзитетвоТетово/Факултетотзаприменетинауки - Архитектура

Циклус предавања за архитектурата - Зборувај! Не молчи.

13 Април 2016

Присуствувач

10. “ БАШКИМ ФЕМИУ – АРКИТЕКТ , УРБАНИСТ, ПЕДАГОГ , ПОЕТ “ –АРБЕР САДИКИ,арх.

ДржавниотУниверзитетвоТетово/Факултетотзаприменетинауки - Архитектура

Циклус предавања за архитектурата - Зборувај! Не молчи.

5 Април 2016

Присуствувач

11. “ ЗА АРХИТЕКТУРАТА “ – ГЕЗИМ ПАЧАРИЗИ , арх.

ДржавниотУниверзитетвоТетово/Факултетотзаприменетинауки - Архитектура

Циклус предавања за архитектурата - Зборувај! Не молчи.

3 Март 2016

Присуствувач

## З А К Л У Ч О К

Комисијата ги вреднуваше исклучително богатите професионални референции на кандидатот, проектирани и изведени архитектонски објекти, меѓународни курсеви, семинари и конференции. Врз основа на постигнатите резултати на кандидатот, преку учеството во интернационални и национални архитектонски проекти, како и педагошкото универзитетско искуство на кандидатот, Комисијата заклучи дека м-р Арбреша Ибрахими, ги исполнува условите за избор на наставник во областа на Архитектонско проектирање и дизајн.

Комисијата паралелно ги вреднуваше професионалната биографија и стручните референци на кандидатот, ги зема предвид степенот на образованието и стекнатите дипломи, меѓународните признанија кои кореспондираат за избор во областа на Архитеконско проектирање и дизајн. Вреднувајќи ги курикулумите од сите релевантни аспекти, Комисијата утврди дека кандидатот ги исполнува условите во согласност со Законот за високо образование за избор во стручно- уметнички предмети од областа на Архитектонско проектирање и дизајн и на Наставно – научниот совет на Архитектонскиот факултет при Првиот приватен универзитет-ФОН му предлага м-р Арбреша Ибрахими да ја избере во наставник во звањето доцент во научната област Архитектонско проектирање и дизајн.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**- проф. д-р Митко Хаџи Пуља– претседател, с.р.**

______________________________

**- вон.проф. д-р Михајло Зиноски – член, с.р.**

______________________________

**- доц. д-р Мимоза Клековска – член, с.р**

______________________________

Септември, 2017 Скопје